**20250501085**

## АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ

Врз основа на член 16 став 1, алинеја 6 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 64/24 и 37/25) и во согласност со член 15, став 1, алинеја 6 од Статутот на Агенцијата за управување со одземен имот бр. 02-4368/2 од 2.12.2024 година, Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот на втората по ред седница за 2025 година одржана ден 7.2.2025 година го донесе следниот

## ПРАВИЛНИК ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ

### 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се уредува начинот на постапување со конфискуваниот имот, имотната корист и одземените предмети во кривична и прекршочна постапка, неговото евидентирање, сместување, чување и предавање, како и начинот на продажба на одземените предмети, постапката на продажба со електронско јавно наддавање, полагање и уплаќање на цената во Буџетот на Република Северна Македонија и преземањето на предметите од страна на купувачот.

Вработените во Агенцијата за управување со одземен имот (во понатамошниот текст: Агенцијата) со привремено одземениот, конфискуваниот имот, имотна корист и одземените предмети се однесуваат како добри домаќини и совесни стопанственици.

Член 2

Одредени поими во овој Правилник го имаат следното значење:

1. „Конечно одземени предмети и имот“ се подразбираат предмети и имот кои се одземени во кривична и прекршочна постапка, за кои е завршена со правосилна одлука.

2. „Привремено одземен имот, имотна корист и одземени предмети“ се подразбираат предмети, имот и имотна корист за кои се води кривична и прекршочна постапка и за чие одземање нема правосилна одлука.

3. „Јавни извршители на Агенцијата“ се лица вработени во Агенцијата кои го превземаат одземениот имот во кривична и прекршочна постапка и понатаму го сместуваат и чуваат во некој од складовите на Агенцијата во Република Северна Македонија и странство.

4. „Предавач на предметите“ е овластеното лице од надлежната институција која ги одзела предметите, имотот и имотната корист.

### 2. ИЗВЕСТУВАЊЕ И ПРЕДАВАЊЕ НА ОДЗЕМЕНИТЕ ПРЕДМЕТИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ

Член 3

Судот или друг државен орган кој донел правосилна одлука или одлука за привремено одземање на имот, имотна корист или предмети во рок од 3 дена од приемот на одлуката ја известува Агенцијата и ги предава одземените предмети, конфискуваниот имот и имотната корист.

Член 4

Предавањето на недвижниот имот или имотната корист што се состои во недвижен имот и одземените недвижни предмети, се предаваат на надлежниот извршител од Агенцијата во местото каде што се наоѓа недвижноста, доколку претходно се обезбедени клучевите од страна на судот, односно органот кој што го одзел имотот, при што се составува записник за примопредавање, во 4 примерока, со кој се потврдува приемот на конфискуваниот имот и целокупната документација, веднаш, а најдоцна во рок од три дена од денот на одземањето.

Предавањето на имотната корист и одземените предмети, кога не се работи за недвижност, се врши во магацините на Агенцијата, при што се составува записник за примопредавање во 4 примероци, со кој се потврдува приемот на одземените предмети и целокупната документација, веднаш, а најдоцна во рок од три дена од денот на одземањето.

Записниците за примо-предавање на одземените предмети, одземена стока и конфискуван имот се составен дел од овој Правилник.

Член 5

За одземените предмети и конфискуваниот имот, се води евиденција. Начинот на водењето на евиденцијата е уреден со посебен Правилник за начинот на водење евиденција на податоци за одземениот имот.

Член 6

Извршителите и/или овластените лица на Агенцијата по примањето на одземениот имот се должни да се однесуваат со истиот како добри домаќини и добри стопанственици.

Раководителот на Секторот за оперативно работење на Агенцијата врши контрола на начинот на чување и постапување со одземениот имот и предмети, и во случај да се утврди неправилност во постапувањето, веднаш да бидат преземени мерки за доведување на имотот во правилна состојба, а доколку утврдената неправилност е сторена со намера или со крајно невнимание раководителот е должен да поведе и соодветна постапка против одговорните лица.

Член 7

Доколку поради оправдани причини предавањето на конечно одземените предмети на Извршителот од Агенцијата не може да се изврши веднаш или во рок од 3 дена од денот на донесувањето на решението, истиот е должен телефонски или преку е-маил на институцијата која го одзела предметот да ја извести дека не е во можност веднаш да ги превземе предметите и да му наложи на одговорното лице соодветно привремено да го чува имотот во нивните магацински складови.

Член 8

При преземањето на одземените предмети, еден од извршителите или овластените лица на Агенцијата (истиот кој се потпишал на записникот) одземените предмети и целокупната документација за истите ги прегледува, ги споредува податоците од записникот и реалната состојба на одземените предмети.

Член 9

При примо-предавањето на одземените предмети кои веќе се наоѓаат на чување во некој од складовите на институциите кои ги одземале во кривична и прекршочна постапка пред да започнат со работа извршителите на Агенцијата, се составува нов записник за

преземање на предметите, имотот и имотната корист од страна на извршителите на Агенцијата, и се проверува дали истите предмети, имот и имотна корист одговараат на податоците од записникот кога првпат било извршено примопредавање на предметите во складовите на надлежните институции од каде се преземаат.

Член 10

Доколку извршителите утврдат дека податоците при превземање на одземените предмети од складовите и магацините од член 9 како и фактичката состојба на предметите, имотот и имотната корист кои се преземаат, не одговараат на податоците од првобитниот записник од член 9 со кој првпат било извршено примопредавање должни се да го известат Директорот на Агенцијата за да ја извести Владата на Република Северна Македонија.

## 3. ПОСТАПУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ

Член 11

Агенцијата по предавањето на одземените предмети, имот и имотна корист врши проценка на нивната пазарна вредност од страна на овластен проценител при што може да користи услуги и од други овластени проценители.

Член 12

Привремено одземените предмети од историска, научна или уметничка вредност се фотографираат од страна на извршителите и нивните фотографии се приложуваат во досието за одземени предмети.

Одземените предмети од посебна, научна или уметничка вредност, Агенцијата ги предава на чување во соодветна институција како национална установа Музеј на Северна Македонија, Природно научен музеј, Архив на Република Северна Македонија, НУБ „Св. Климент Охридски“ или други надлежни установи за чување во зависност од видот на предметот, за што се составува записник.

Директорот на Агенцијата може да склучува Договор за чување на предметите со надлежната институција каде се предадени предметите од став 1 на овој член.

По правосилноста на одлуката со која се конфискуваат предметите со одлука на Управниот одбор и решение Директорот на Агенцијата ги отстапува без надоместок на некоја од институциите во став 2 од овој член.

Член 13

На привременото одземени денари и девизи им се утврдуваат карактеристики и квалитет од Народната банка за што се составува записник.

За одземените денари и девизи, покрај податоците од ставот 1 во записникот за одземени предмети поединечно се внесуваат апоени и сериски броеви. Вака нотираните денари и девизи, потоа се уплаќаат на посебна наменска сметка од Агенцијата, при што како цел на дознаката при уплатата се наведува бројот на записникот и бројот на решението за одземање од надлежниот орган.

За привремено одземените скапоцени камења и благородни метали (злато и сребро), овластените лица на Агенцијата подготвуваат барање за депонирање на привремено и/или трајно одземените скапоцени камења и благородни метали (злато и сребро),согласно утврдениот термин ги доставуваат во Дирекцијата за трезорско работење на Народна банка. По извршената проверка на одземените скапоцени камења и благородни метали (злато и сребро), по број, вид и тежина се сместуваат во соодветна амбалажа и ги

предаваат на чување на Народна банка на Република Северна Македонија како затворен депозит - остава за што овластените лица од Народна банка на РСМ изготвуваат записник/потврда која се потпишува од двете страни, од кои по еден примерок за двете страни.

1) Постапување со одземените хартии од вредност

Член 14

Продажбата на акциите и уделите се врши врз основа на одлука за продажба на акции односно удели донесена од страна на Управниот одбор на АУОИ за која одлука дава согласност Владата на Република Северна Македонија.

Член 15

Акциите се продаваат по пат на јавна берзанска аукција, согласно со Закон и правилата за тргување на Македонска берза.

Член 16

Агенцијата за управување со одземен имот во предлогот за продажба на акциите на јавната берзанска аукција, може да ја предложи просечната цена постигната во последните дванаесет месеци на берзата за таа хартија од вредност, а постапката да се спроведе согласно Правилата за организирање на јавна берзанска аукција на акциите во сопственост на Државата издадени од Македонската берза.

По добиената согласност од ставот 1 на овој член, АУОИ ја спроведува продажбата на акциите.

Член 17

Продажбата на акциите по пат на јавна берзанска аукција се објавува во рок од 15 дена до 30 дена пред денот определен за јавна берзанска аукација, во најмалку два дневни весника што излегуваат на територијата на Република Северна Македонија.

Објавата содржи:

- назив и седиште на друштвото;
- основна главнина во друштвото;
- вредност на капиталот што се продава;
- процентуално учество на акциите на АУОИ во главнината на друштвото;
- почетна продажна цена на една акција;
- модел на продажба;
- начин на плаќање;
- точниот датум на одржување на јавна берзанска аукција.

Член 18

Доколку во последните 12 месеци пред денот на објавувањето на продажбата на акциите имало тргување на берзата, почетна цена на акциите на првата јавна берзанска аукација се утврдува во висина на просечната цена постигната за таа акција во последните 12 месеци според податоците од Македонската берза, пред денот на донесувањето на одлуката од членот 15 на овој Правилник.

Доколку во последните 12 месеци пред денот на објавувањето на продажбата на акциите немало тргување на берзата, почетната цена се утврдува во висина на номиналната вредност на акциите кои ќе се продаваат во пет последователни трговски дена. Доколку по првите пет трговски дена на берзанската аукција останат непродадени акциите, АУОИ може во наредните пет последователни трговски дена да ја намали цената на акциите за 25 % од номиналната вредност на акцијата, се до крајната нивна продажба.

Член 19

Продажба на акциите се врши според моделот „се или ништо“ при што акциите се продаваат во пакет преку трансакција или според моделот „на парче“ преку повеќе трансакции.

Член 20

Продажбата и плаќањето на акциите се врши во готово во денари.

Член 21

Агенцијата за управување со одземен имот по примањето на правосилната одлука за одземање на удели го запишува истиот во Книгата на удели и Трговскиот регистар.

Одземениот удел се проценува од овластен проценител и се продава на јавно наддавање.

Постапката за продажба на уделите ќе се спроведе согласно со член 63 став 2 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка и согласно членовите за продажба на одземените предмети по пат на јавно наддавање пропишани во овој правилник.

Член 22

Управувањето со хартиите од вредност и уделите во смисла на членот 7 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, Агенцијата го врши согласно законските прописи со кои се уредува начинот на управување со трговските друштва.

2) Постапување со останатите одземени предмети

Член 23

Одземените наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори се предаваат на чување во Министерството за внатрешни работи кое ги исполнува пропишаните услови за чување за што се составува записник каде и се вештачи истата.

По спроведените постапки за обезбедување на примерок за вештачење за одземените наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори, согласно одредбите од ЗКП, по наредба на надлежниот орган истите се уништуваат.

Заради потребите за едукација и стручно оспособување, судот може да донесе одлука примерок од наркотичните дроги, психотропните супстанци и прекурзорите, да биде отстапен на соодветна институција која врши научни истражувања или врши научно-едукативна дејност. Примерокот се зема од страна на стручните лица во Министерството за внатрешни работи, за што се сочинува Записник. Примерокот се подига од страна на надлежните лица од институциите на кои им се предава, а примопредавањето на примерокот се врши преку Комисијата за уништување.

Член 24

Во случај кога надлежниот орган ќе донесе одлука за уништување согласно одредбите од Законот за кривичната постапка, одземените наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори се уништуваат од Комисија за уништување на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори формирана од Управниот одбор.

Член 25

Оружјето, деловите и компонентите на оружје, муницијата и експлозивниот материјал одземени во кривична или прекршочна постапка, како и пронајденото оружје, деловите и компонентите на оружје, муницијата и експлозивниот материјал за кои не е водена кривична и прекршочна постапка и ниту е познат нивниот сопственик, поради немање услови за чување Агенцијата ги предава на чување во Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана.

Оружјето, деловите и компонентите на оружје, муницијата и експлозивниот материјал се вештачат во Министерството за внатрешни работи во однос на нивната исправност и за неисправното оружје се сочинува записник и попис на неисправното оружје, делови и компоненти на оружјето, муницијата и експлозиниот материјал.

Неисправното оружје, делови и компоненти на оружје, муниција и експлозивниот материјал од ставот 2 на овој член се уништува по добиената одлука за уништување донесена од надлежниот орган или суд согласно одредбите од Законот за кривичната постапка, од страна на комисијата за уништување на одземено оружје, муниција и експлозивен материјал формирана од Управниот одбор.

Исправното оружје, делови и компоненти од оружје, муниција и експлозивен материјал се издвојува и може да се отстапи по барање на Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Армијата на Република Северна Македонија, Управата за извршување санкции, Финансиска полиција, судската полиција, или друг орган кој има право да користи оружје, со претходна согласност на Владата на Република Северна Македонија.

Исправното оружје, делови и компоненти на оружје, муниција и експлозивен материјал кое нема да се отстапи без надоместок како во овој член од овој Правилник се дава на наддавање по електронски пат, за продажба на правни лица кои се занимаваат со промет на оружје и муниција на физички лица кои имаат одобрение за набавување на оружје. Продажбата се врши согласно одредбите од овој Правилник за продажба на одземени предмети.

Заради потребите за едукација и стручно оспособување, судот може да донесе одлука примерок од исправното и деактивирано оружје, согласно закон, како и неисправното оружје, како и деловите и компонентите на оружје, да биде отстапени на соодветна институција која врши научни истражувања или врши научно-едукативна дејност. Примерокот се зема од страна на стручните лица во Министерството за внатрешни работи, за што се сочинува Записник. Примерокот се подига од страна на надлежните лица од институциите на кои им се предава, а примопредавањето на примерокот се врши преку Комисијата за уништување.

Стандардите за безбедност и начинот на чување и уништување на оружјето се уредува со посебен закон.

Управниот одбор со подзаконски акт го пропишува образецот на записникот од ставот 1 на овој член.

Член 26

За постапување со привремено одземените предмети во кривична, прекршочна и управна постапка, како што се лесно расиплива храна, безалкохолни пијалаци,земјоделски и раноградинарски култури, семенски материјали, Агенцијата ќе побара мислење од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство,доколку органот кој ги одзел овие предмети претходно не го прибавил. Во случај на негативно мислење предметите се уништуваат согласно со членот 72 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*).

Имотот што се состои во живи животни се предава на посебни правни лица, кои имаат соодвента регитрација и лиценца за постапување со живи животни, со кои Агенцијата има склучено рамковен договор преку јавна набавка која што се врши на годишно ниво. Постапувањето со живи животни се уредува со посебен правилник.

Останатиот одземен имот кој не може да се продаде, ниту да се отстапи без надоместок поради здравствени, ветеринарни, безбедносни, фитосанитарни и други причини, како лекови, фалсификат тутунски, алкохолни  и други производи за кои не постои декларација задолжително се уништуваат на депонии согласно позитивните законски прописи.

## 4. ПРОДАЖБА НА ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ

### Член 27

Продажбата на одземените предмети, имот и имотна корист согласно овој Правилник се спроведува со наддавање по електронски пат (во понатамошниот текст јавно наддавање)

### Член 28

Одлука за продажба на одземени предмети донесува Управниот одбор на Агенцијата.

Јавното наддавање на одземените предмети го спроведува Комисијата за продажба назначена од страна на Директорот. Комисијата за продажба по пат на јавно наддавање има претседател и двајца членови од редовите на вработените во Агенцијата.

### Член 29

Јавното наддавање се објавува со оглас најмалку седум дена пред одржувањето на јавното наддавање објавен најмалку во два дневни весници, од кои еден кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, како и на интернет страницата на Агенцијата каде што ќе се презентира и листа со детален опис на предметите што се продаваат. Во огласот за јавно наддавање мора да бидат наведени условите на јавното наддавање, податоци за видот, количината и состојбата на стоката, почетна цена, ден, и време на јавното наддавање, износ и начин на уплаќање на гаранција за учество на јавното наддавање како и ден, време и место кога и каде ќе биде овозможен преглед и увид на предметите кои се продаваат, како и списокот на предметите кои ќе се продаваат објавен на интернет страницата на Агенцијата.

### Член 30

На јавното наддавање на одземените предмети можат да учествуваат сите физички лица и правни лица.

На јавното наддавање не смеат да учествуваат: лица вработени во АУОИ, други лица кои службено учествувале во постапката, осуденото лице против кое се водела судската или прекршочната постапка, брачен другар, вонбрачен другар, роднина во права линија или до четврти степен во странична линија на вработените и на осуденото лице или лицето против кое се водела судската или прекршочната постапка, правни лица или одговорни лица во правните лица или бранителот или правниот застапник на правното лице во кое осуденото лице е сопственик на најмалку 25 % од сите акции или се наоѓа на раководна позиција.

Кога предметот е купен од лице кое немало право да учествува на јавното наддавање истото нема правно дејствие и во тој случај уплатената гаранција на купувачот не се враќа и се објавува ново јавно наддавање во рок од 30 дена, но не  пократок од 15 дена.

Член 31

Пред започнувањето на јавното наддавање понудувачите мора да уплатат гаранција на сметката на Агенцијата или да приложат банкарска гаранција со која се гарантира плаќање на гаранцијата и која изнесува 10% од почетната цена на одземениот предмет или одземените предмети кои планираат да ги купат.

Крајниот рок, ден, месец, година и час за внесување на гаранцијата се внесува во огласот за јавното наддавање.

На јавното наддавање учествува само понудувач кој ќе приложи доказ за уплатена гаранција.

Гаранцијата веднаш се враќа на учесниците на јавното наддавање кои не успеале, најдоцна во рок од пет дена по завршувањето на јавното наддавање.

За враќањето на гаранцијата неепотребно учесникот да поднесе барање за враќање на гаранцијата.

Гаранцијата му се враќа на учесникот кој што е прогласен за купувач, откако ќе изврши уплата на целиот износ од остварената продажба.

Член 32

Предметите се продаваат во состојба такви какви што се во моментот на продажбата, и купувачот не може да приговара за недостатоците на купениот предмет.

Одземените предмети се даваат на јавно наддавање со почетна цена којашто е еднаква со проценетата вредност утврдена од страна на комисијата од член 11 на овој правилник.

Јавното наддавање нема да се спроведе доколку присуствува само еден понудувач.

Член 33

Одземените предмети на јавното наддавање се продаваат на купувачот кој што понудил највисока цена.

Ако јавното наддавање не успее, се закажува второ во рок од 30 дена, но не пократко од 15 дена. Објавувањето на второто јавно наддавање мора да ги содржи истите податоци како првото, а во огласот треба да биде дополнително наведено дека се работи за второ јавно наддавање.

Почетната цена на одземените предмети од првото јавно наддавање може да се намали најмногу до една четвртина од износот на проценетата вредност.

Член 34

Јавното наддавање се смета за неуспешно доколку на јавното наддавање по електронски пат не се пријавил ниту еден понудувач.

Доколку настапат случаите од ставот 1 на овој член, односно доколку одземените предмети и конфискуваниот имот не може да се продадат на првото јавно наддавање, Агенцијата ќе закаже второ јавно наддавање со почетна цена на одземениот имот намалена за една четвртина од проценетата вредност.

Доколку одземените предмети и конфискуваниот имот не може да се продадат и на второто јавно надавање согласно со ставот 2 на овој член, Агенцијата ќе закаже трето јавно наддавање со почетна цена на одземените предмети и конфискуваниот имот намалена за една четвртина од проценетата вредност. Од второто до третото јавно наддавање мора да поминат најмалку 15 дена, но не повеќе од 30 дена.

Доколку одземените предмети и конфискуваниот имот не може да се продадат ниту на третото јавно наддавање, постапката за продажба може да се повтори по претходно донесена одлука од Управниот одбор, најдоцна во рок од шест месеци од денот на неуспешното трето јавно наддавање. Повторената постапка се спроведува согласно со одредбите за продажба на одземени предмети и конфискуван имот од овој закон.

Доколку одземените предмети и конфискуваниот имот не може да се продадат, тогаш одземените предмети и конфискуваниот имот се отстапуваат, се даваат под закуп или се уништуваат согласно со одредбите од овој закон.

Член 35

Комисијата составува записник за текот на јавното наддавање. Во него се запишуваат податоците за одземените предмети, почетната цена, учесници на јавното наддавање, постигната продажна цена од последниот највисок понудувач. Записникот за јавното наддавање го потпишуваат претседателот и членовите на комисијата. На записникот се прогласува купувачот односно победникот од јавното наддавање.

Наддавањето се заклучува по истекот на три минути непосредно по истакнувањето на најповолната понуда.

По заклученото наддавање претседателот на Комисијата констатира кој понудувач понудил највисока цена и дека на тој понудувач му се продава одземениот предмет или конфискуваниот имот.

Доколку не постои дисквалификација на учесник во наддавањето,во смисла на член 49 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*), а купувачот во рокот предвиден во ставот 1 од овој член не ја положи цената, Агенцијата со Заклучок за продажба може да одлучи одземените предмети и конфискуваниот имот да ги додели на второрангираниот понудувал по цената која што ја понудил.

За продажбата Комисијата изготвува записник и донесува заклучок за продажба кој го доставува до сите учесници на наддавањето.

По уплатата на цената на одземените предмети и конфискуваниот имот, Агенцијата во рок од три дена донесува заклучок за извршената продажба кој претставува правна основа за стекнување на правото на сопственост.

Агенцијата ќе донесе заклучок за продавање на одземените предмети и конфискуваниот имот, откако ќе утврди дека се исполнети условите за полноважност на продажбата.

Заклучокот за продавање на одземените предмети и конфискуваниот имот се доставува до сите учесници во наддавањето во рок од осум дена од донесувањето.

По уплатата на цената од страна на купувачот, во рок од осум дена, Агенцијата донесува заклучок за предавање на конфискуваниот имот во владение на купувачот.

Заклучокот се доставува до сите лица до кои се доставува заклучокот за продажба на недвижноста.

Член 36

Записникот за јавното наддавање се испраќа на e-mail на учесниците на јавното наддавање, како и истиот се истакнува и на огласната табла на Агенцијата за управување со одземен имот, во рок од два дена по завршената продажба и мора да остане истакнат три дена.

Член 37

Купувачот е должен веднаш по заклучувањето на јавното наддавање 7 % од понудената цена да уплати на посебна приходна шифра на депозитната сметка на Агенцијата за управување со одземен имот, додека останатиот дел, односно 93 % од понудената цена на друга посебна приходна шифра на депозитната сметка на Агенцијата. Доколку купувачот не ја уплати цената во рок од петнаесет дена од заклучувањето на јавното наддавање се смета дека купувачот се откажал од купениот предмет и внесената гаранција од него служи за покривање на трошоците настанати при спроведувањето на целокупната постапка за продажба и средствата се трансферираат на сметката на самофинансирачки активности.

Доколку при јавното наддавање некој од понудувачите понуди очигледно несразмерно поголема понуда од пазарната вредност на одземените предмети и конфискуваниот имот,а по завршувањето на јавното наддавање не ја уплати понудената цена за купените одземени предмети и конфискуваниот имот,Агенцијата ќе ја прогласи продажбата како неважечка,а положената гаранција не се враќа и средствата се трансферираат на сметката на самофинансирачки активности.

Член 38

Директорот на Агенцијата донесува решение за извршената продажба на одземените предмети, на купувачот во рок од три дена по уплаќањето на цената на сметката на Буџетот на Република Северна Македонија.

Решението за извршената продажба на одземениот предмет е и документ за продажба.

Решението треба да содржи детален опис на предметот, цената по која е продаден, износот на увозните давачки пресметани од Царинската управа доколку се работи за странска стока, данок на додадена вредност за што купувачот треба да приложи доказ дека е платен данокот.

Член 39

Сопственоста врз одземените предмети поминува на купувачот од датумот на издавањето на решението. Купувачот е должен веднаш да го подигне предметот.

Трошоците кои се поврзани со транспорт на купените предмети ги сноси купувачот.

Член 40

Трошоците кои се поврзани со транспорт, складирање, продажба на одземени предмети, и трошоци за извршени услуги се подмируваат од платената откупна цена на тој предмет или друг предмет.

Член 41

Агенцијата по добиената претходна согласност на судот кој ја донел одлуката за привремено одземање во кривична постапка ќе донесе одлука за продажба или отстапување на привремено одземените предмети во кривична постапка доколку процени дека со чувањето на имотот се намалува неговата вредност или трошоците за негово чување се несразмерно големи.

Барањето за претходна согласност за продажба и отстапување, Агенцијата го доставува до судот кој донел одлука за привремено одземање на одземените предмети во кривична постапка во рок од десет дена од денот на известувањето за привремено одземените предмети во кривична постапка.

Согласноста за продажба или отстапување на привремено одземените предмети во кривична постапка судот ќе ја донесе во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето од страна на Агенцијата.

Агенцијата по применото известување од судот или органот кој донел одлука за привремено одземените предмети во прекршочна постапка ќе донесе одлука за продажба или отстапување на привремено одземените предмети во прекршочна постапка доколку процени дека со чувањето на имотот се намалува неговата вредност или трошоците за негово чување се несразмерно големи.

Одлуката за продажба и/или отстапување на привремено одземените предмети во прекршочна постапка Агенцијата ја донесува во рок од 15 дена од денот на известувањето за привремено одземените предмети во прекршочна постапка.

Во случајот од ставовите 1 и 3 на овој член, Агенцијата во рок од десет дена обезбедува процена на привремено одземените предмети од страна на овластен проценител или Бирото за судски вештачења.

Член 42

Пред продажбата на конфискуваниот имот, Управниот одбор може да достави образложен предлог до Владата на РСМ, наместо да биде продаден, конфискуваниот имот да биде отстапен на државен орган, јавна институција или на здруженија на граѓани и фондации што вршат дејност во областа на социјалната заштита без надомест, а за остварување на цели на социјална реупотреба.

Член 43

Привремено одземените предмети или конфискуваниот имот и имотна корист, заради заштита на нивната вредност, може да бидат осигурани.

Одлуката за осигурување на определен имот ја носи Управниот одбор, по предлог на Директорот на Агенцијата.

Приоритет за осигурување има имотот што е од поголема вредност, како и имотот што се состои од луксузни предмети, како и имотот кој поради природата на локацијата (подрачје со зголемени водотеци, планински и крајбрежни места, природни празнења, врнежи и слично), е погоден на поголема опасност од оштетување поради природни непогоди.

Директорот на Агенцијата на годишно ниво спроведува постапка за јавна набавка за избор на соодветен економски оператор кој ќе го врши осигурувањето на конфискуваниот имот, на начин и постапка уредени со Законот за јавни набавки.

Средствата за осигурувањето на одземениот и конфискуваниот имот се предвидени во буџетот на Агенцијата, а се алоцираат од добиениот процент од продажба на имотот од страна на Агенцијата.

## 5. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 44

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

По влегување на сила овој правилник ќе биде објавен и на веб-страницата на Агецијата.

Агенција за управување
со одземен имот
Управен одбор
Претседател,
**Станко Китаноски,** с.р.

Бр. 01-713/1
7 февруари 2025 година
Скопје

Образец бр.1 – Записник за прием на возила/ Formular nr.1 – Procesverbal i pranimit te automjeteve

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА / QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË VERIORE

АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ / AGJENCIA E MENAXHIMIT ME PRONËN E KONFISKUAR

ЗАПИСНИК ЗА ПРИМО-ПРЕДАВАЊЕ / PROCESVERBAL I PRANIM –DOREZIMIT

На ден____________/Date ________________

Од Институција ______________________________________ Бр.на пресуда __________

Nga institucioni ______________________________________ Nr. i aktgjykimit __________

**НА АГЕНЦИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ/ I AGJENCIS SE MENAXHIMIT ME PRONËN E KONFISKUAR**

Сторител/Kryeresi ____________________________________

| |
|---|
| 1.Вид на возило:<br>Ljoji I automjetit |
| 2.Марка<br>Marka |
| 3.KW:<br>KW: |
| 4.Боја:<br>Ngjyra |
| 5.Број на шасија:<br>Numri I shasise |
| 6.Година на производство:<br>Viti I prodhimit |
| 7.Помината километража:<br>Kilometrazhi I kaluar |
| 8.Радио апарат:<br>Radio Aparati |
| 9.Звучници:<br>Pajisie zeri |
| 10.Антена:<br>Antena |
| 11.Акумулатор:<br>Akumulagtor |
| 12.Жмигавци:<br>Sinjalizues |
| 13.Фарови:<br>Dritat e perparme |
| 14.Стоп светла<br>Dritat e frenimit |
| 15.Бришачи:<br>Fshireset |
| 16.Регистарски таблички:<br>Targat e regjistrimt |
| 17.Резервно тркало: |

| |
|---|
| Gom rezerv |
| 18.Сообраќајна дозвола или фотокопија: да или не<br>Leja e qarkullimit ose fotokopja: po ose jo |
| 19.Контакт клуч:<br>Celesi i kontaktit |

ОПШТА СОСТОЈБА НА ВОЗИЛОТО/ GJENDJA E E PERGJITHSHME E AUTOMJETIT

| |
|---|
| |

Место на превземање/Vendi i pranimit ______________________

Место на чување/ Vendimi i magazinimit ______________________

Возилото е предадено од: /Automjeti u dorzua:

______________

Име и презиме/emri dhe mbiemri

______________

Потпис/nenshkrimi

Возилото е примено од:/Autometi u pranua nga:

______________

Име и презиме/emri dhe mbiemri

______________

Потпис/nenshkrimi

Образец бр.2 – Записник за предавање на возила/ Formular nr. 2 – Procesverbal i pranimit te automjeteve

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА / QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË VERIORE

АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ / AGJENCIA E MENAXHIMIT ME PRONËN E KONFISKUAR

ЗАПИСНИК ЗА ПРИМО-ПРЕДАВАЊЕ / PROCESVERBAL I PRANIM –DOREZIMIT

На ден__________ /Date ________________

На Институција ________________________________________ Бр.на пресуда/акт ________________

Per institucionin ________________________________________ Nr. i aktgjykimit ________________

Сторител/Kryeresi ____________________________________

| |
|---|
| 1.Вид на возило:<br>Ljoji I automjetit |
| 2.Марка<br>Marka |
| 3.KW:<br>KW: |
| 4.Боја:<br>Ngjyra |
| 5.Број на шасија:<br>Numri I shasise |
| 6.Година на производство:<br>Viti I prodhimit |
| 7.Помината километража:<br>Kilometrazhi I kaluar |
| 8.Радио апарат:<br>Radio Aparati |
| 9.Звучници:<br>Pajisie zeri |
| 10.Антена:<br>Antena |
| 11.Акумулатор:<br>Akumulagtor |
| 12.Жмигавци:<br>Sinjalizues |
| 13.Фарови:<br>Dritat e perparme |
| 14.Стоп светла<br>Dritat e frenimit |
| 15.Бришачи:<br>Fshireset |
| 16.Регистарски таблички:<br>Targat e regjistrimt |
| 17.Резервно тркало:<br>Gom rezerv |
| 18.Сообраќајна дозвола или фотокопија: да или не |

| |
|---|
| Leja e qarkullimit ose fotokopja: po ose jo |
| 19.Контакт клуч:<br>Celesi i kontaktit |

ОПШТА СОСТОЈБА НА ВОЗИЛОТО/ GJENDJA E E PERGJITHSHME E AUTOMJETIT

| |
|---|
| |

Место на превземање/Vendi i pranimit ________________________________

Место на чување/ Vendimi i magazinimit ________________________________

Возилото е предадено од: /Automjeti u dorzua:

________________

Име и презиме/emri dhe mbiemri

________________

Потпис/nenshkrimi

Возилото е примено од:/Autometi u pranua nga:

________________

Име и презиме/emri dhe mbiemri

________________

Потпис/nenshkrimi

Образец бр.3 – Записник за прием на недвижен имот/ Formular nr.3 – Procesverbal i pranimit te transferimit te pasuris se palujtshme

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА / QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË VERIORE

АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ / AGJENCIA E MENAXHIMIT ME PRONËN E KONFISKUAR

ЗАПИСНИК ЗА ПРИМО-ПРЕДАВАЊЕ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ / PROCESVERBAL I PRANIM – DOREZIMI TRANSFERIMI I PASURISË SË PALUAJTSHME ___________

На ден___________/ Date _______________

Од _______________________________________ Бр.на пресуда/акт __________

Nga ______________________________________ Nr. i aktgjykimit __________

| | |
|---|---|
| 1.Број на Имотен лист и Катастарска општина<br><br>Numri i Listës Pronësore dhe Komuna Kadastrale | |
| 2.Број на катастарска парцела<br><br>Numri i parcelës kadastrale | |
| 3.Адреса (улица и куќен број на зградата)<br>Adresa (rruga dhe numri i ndërtesës) | |
| 4.Намена на зграда и други објекти<br><br>Qëllimi i ndërtesës dhe objekteve të tjera | |
| 5.Влез/Кат/Број на посебен / заеднички дел од зграда<br><br>Hyrja/Kati/Numri i pjesës së veçantë/të përbashkët të ndërtesës | |
| 6.Намена на посебен/заеднички дел од<br>Qëllimi i pjesës së veçantë/të përbashkët të | |
| 7.Внатрешна површина<br><br>Sipërfaqja e brendshme | |
| 8.Вредност<br>Vlera | |

ОПШТА СОСТОЈБА НА ОБЈЕКТОТ/НЕДВИЖНИОТ ИМОТ / GJENDJA E PËRGJITHSHME E OBJEKTIT/PASURISË PALUAJTSHME

| |
|---|
| |

Составил записник: / Контролирал: /

Procesverbali i përpiluar: E kontrolluar nga:

_______________ М.П _______________

Образец бр.4 – Записник за предавање на недвижен имот од АУОИ на купувач / Formular nr. 4 – Procesverbal te dorzimit te transferimit te pasuris se palujtshme nga AMPK deri te bleresi

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА / QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË VERIORE

АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ / AGJENCIA E MENAXHIMIT ME PRONËN E KONFISKUAR

ЗАПИСНИК ЗА ПРИМО-ПРЕДАВАЊЕ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ / PROCESVERBAL I PRANIM – DOREZIMI TRANSFERIMI I PASURISË SË PALUAJTSHME ____________

На ден__________ / Ne diten _________________

На _____________________________________________ Бр.на акт __________

Nga _____________________________________________ Nr. i aktgjykimit _________

| |
|---|
| 1.Број на Имотен лист и Катастарска општина<br><br>Numri i Listës Pronësore dhe Komuna Kadastrale |
| 2.Број на катастарска парцела<br><br>Numri i parcelës kadastrale |
| 3.Адреса (улица и куќен број на зградата)<br>Adresa (rruga dhe numri i ndërtesës) |
| 4.Намена на зграда и други објекти<br><br>Qëllimi i ndërtesës dhe objekteve të tjera |
| 5.Влез/Кат/Број на посебен / заеднички дел од зграда<br><br>Hyrja/Kati/Numri i pjesës së veçantë/të përbashkët të ndërtesës |
| 6.Намена на посебен/заеднички дел од<br>Qëllimi i pjesës së veçantë/të përbashkët të |
| 7.Внатрешна површина<br><br>Sipërfaqja e brendshme |
| 8.Вредност<br>Vlera |

ОПШТА СОСТОЈБА НА ОБЈЕКТОТ/НЕДВИЖНИОТ ИМОТ/ GJENDJA E PËRGJITHSHME E OBJEKTIT/PASURISË PALUAJTSHME

| |
|---|
| |

| | | |
|---|---|---|
| Составил записник:/ | Контролирал:/ | Примил купувач:/ |
| Procesverbali i përpiluar | E kontrolluar nga:/ | Pranoi bleresi: |
| ________________ | ________________ | ________________ |

М.П

Образец бр.5 – Записник за прием на стока/ Formular nr. 5 – Procesverbal i pranimit te sendeve

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА / QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË VERIORE

АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ / AGJENCIA E MENAXHIMIT ME PRONËN E KONFISKUAR

ЗАПИСНИК ЗА ПРИМО-ПРЕДАВАЊЕ/ PROCESVERBAL I PRANIM

На ден____________20________ година / Date ____________20________ /viti

Од Институција / Nga institucionin ____________________ место на превземање /vendi i pranimit : ____________________

| Ред.бр. Nr.Rendor | Вид на одземен предмет Lloji I sendit te konfiskuar | Ед.мер. Nj.Mat. | Количина Sasia | Лице од кое е одземено-Personi nga i cili eshte konfiskuar | Бр.на пресуда или акт Numri I aktgjykimit ose I aktit | Забелешка Verejtje |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

место на чување/vendi I magazinimit __________

заклучно со страна бр. /Perfundimisht me faqe nr.__________

ПРЕДАЛ /DOREZOI

____________________

(име/презиме ) /(emri dhe mbiemri )

____________________

Потпис/ nenshkrimi

ПРИМИЛ/PRANOI

____________________

(име/презиме ) /(emri dhe mbiemri )

____________________

Потпис/nenshkrimi

Образец бр.6 – Записник за предавање на стока/ Formular nr. 6 – Procesverbal i dorzimit te sendeve

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА / QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË VERIORE

АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ / AGJENCIA E MENAXHIMIT ME PRONËN E KONFISKUAR

ЗАПИСНИК ЗА ПРИМО-ПРЕДАВАЊЕ/ PROCESVERBAL I PRANIM

На ден______________20________ година / Date ______________20_________ /viti

На Институција / Per institucionin ______________________ место на превземање /vendi i pranimit : ______________________

| Ред.бр. Nr.Rendor | Вид на одземен предмет Lloji I sendit te konfiskuar | Ед.мер. Nj.Mat. | Количина Sasia | Лице од кое е одземено-Personi nga i cili eshte konfiskuar | Бр.на пресуда или акт Numri I aktgjykimit ose I aktit | Забелешка Verejtje |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

место на чување/vendi I magazinimit ___________ заклучно со страна бр. /Perfundimisht me faqe nr.__________

ПРЕДАЛ /DOREZOI

___________________

(име/презиме ) /(emri dhe mbiemri )

___________________

Потпис/ nenshkrimi

ПРИМИЛ/PRANOI

___________________

(име/презиме ) /(emri dhe mbiemri )

_________________________

Потпис/nenshkrimi

Образец бр.7 – Записник за примопредавање на наркотична дрога/ Formular nr. 7 – Procesverbal i pranim dorzimit te narkotikeve

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА / QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË VERIORE

АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ / AGJENCIA E MENAXHIMIT ME PRONËN E KONFISKUAR

ЗАПИСНИК ЗА ПРИМО-ПРЕДАВАЊЕ НА НАРКОТИЧНА ДРОГА / PROCESVERBAL I PRANIM –DOREZIMIT TË NARKOTIKEVE

На ден____________20________ година / Date ______________20_________ /viti

Од Институција / Nga institucionin ____________________ место на превземање /vendi i pranimit : ____________________

| Ред.бр. Nr.Rendor | Вид на одземен предмет Lloji I sendit te konfiskuar | Ед.мер. Nj.Mat. | Количина Sasia | Лице од кое е одземено-Personi nga i cili eshte konfiskuar | Бр.на пресуда или акт Numri I aktgjykimit ose I aktit | Забелешка Verejtje |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

место на чување/vendi I magazinimit __________ заклучно со страна бр. /Perfundimisht me faqe nr.________

ПРЕДАЛ /DOREZOI

____________________

(име/презиме ) /(emri dhe mbiemri )

____________________

Потпис/ nenshkrimi

ПРИМИЛ/PRANOI

____________________

(име/презиме ) /(emri dhe mbiemri )

____________________

Потпис/nenshkrimi

Образец бр.8 – Записник за примопредавање на оружје и муниција/ Formular nr. 8 – Procesverbal i pranim dorzimit te armeve dhe municionit

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА / QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË VERIORE

АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ / AGJENCIA E MENAXHIMIT ME PRONËN E KONFISKUAR

ЗАПИСНИК ЗА ПРИМО-ПРЕДАВАЊЕ НА ОРУЖЈЕ И МУНИЦИЈА / PROCESVERBAL I PRANIM –DOREZIMIT TË ARMËVE DHE MUNICIONIT

На ден__________20______ година / Date __________20______ /viti

Од Институција / Nga institucionin ______________ место на превземање /vendi i pranimit : ______________

| Ред.бр. Nr.Rendor | Вид на одземен предмет Lloji I sendit te konfiskuar | Ед.мер. Nj.Mat. | Количина Sasia | Лице од кое е одземено-Personi nga i cili eshte konfiskuar | Бр.на пресуда или акт Numri I aktgjykimit ose I aktit | Забелешка Verejtje |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

место на чување/vendi I magazinimit ________ заклучно со страна бр. /Perfundimisht me faqe nr._______

ПРЕДАЛ /DOREZOI

______________

(име/презиме ) /(emri dhe mbiemri )

______________

Потпис/ nenshkrimi

ПРИМИЛ/PRANOI

______________

(име/презиме ) /(emri dhe mbiemri )

______________

Потпис/nenshkrimi

Образец бр.9 – Записник за примопредавање на парични средства/ Formular nr. 9 – Procesverbal i pranim dorzimit te mjeteve monetare

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА / QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË VERIORE

АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ / AGJENCIA E MENAXHIMIT ME PRONËN E KONFISKUAR

ЗАПИСНИК ЗА ПРИМО-ПРЕДАВАЊЕ НА ПАРИЧНИ СРЕДСТВА / PROCESVERBAL I PRANIM-DORËZIMIT TË MJETEVE MONETARE

На ден___________20________ година / Date ______________20________ /viti

Од Институција / Nga institucionin ____________________ место на превземање /vendi i pranimit : ____________________

| Ред.бр. Nr.Rendor | Вид на одземен предмет Lloji I sendit te konfiskuar | Ед.мер. Nj.Mat. | Количина Sasia | Лице од кое е одземено-Personi nga i cili eshte konfiskuar | Бр.на пресуда или акт Numri I aktgjykimit ose I aktit | Забелешка Verejtje |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

место на чување/vendi I magazinimit __________ заклучно со страна бр. /Perfundimisht me faqe nr.__________

ПРЕДАЛ /DOREZOI ПРИМИЛ/PRANOI

____________________ ____________________

(име/презиме ) /(emri dhe mbiemri ) (име/презиме ) /(emri dhe mbiemri )

____________________ ____________________

Потпис/ nenshkrimi Потпис/nenshkrimi